# ОДЛУКА
## за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје

Врз основа на член 86 став 1 точка 1 од Законот за банките и член 29 став 1 точка 1 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на 13.01.2026 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје**

I. Во Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје од 26.12.2024 година, се вршат следните измени и дополнувања:

**Член 5**

1) Во член 5, став 2, зборот "Гувернерот" се заменува со зборовите "Извршниот одбор".

**Член 20**

2) Во член 20, став 4, зборот "Гувернерот" се заменува со зборовите "Извршниот одбор".

**Член 30**

3) Во член 30, став 3, зборот "Гувернерот" се заменува со зборовите "Извршниот одбор".

**Член 49**

4) Во член 49, став 5, зборот "Гувернерот" се заменува со зборовите "Извршниот одбор".

**Член 51**

5) Во член 51, став 1, алинеа 3, зборот "Гувернерот" се заменува со зборовите "Извршниот одбор".

**Член 65**

6) Во член 65, став 3, бројот "4 (четири)" се менува со бројот "5 (пет)".

7) Во член 65, став 5, алинеа 1, зборовите "работењето со население" и последователната запирка се бришат.

8) Во член 65, став 5, алинеа 2, зборовите "корпоративни клиенти" се заменуваат со зборот "население". Во истата алинеа по зборовите "со финансии" се брише запирката и се бришат зборовите "тргување и финансиски пазари".

9) Во член 65, став 5, алинеа 4, по зборовите "информатичка технологија" се додаваат зборовите "и организација". Во истата алинеа зборовите "и организација" кои следат по зборовите "дигитални канали" се бришат.

10) Во член 65, став 5, по алинеа 4, се додава нова алинеа 5 која гласи: "Петтиот член на Управен одбор е надлежен за активности поврзани со работењето со корпоративни клиенти и тргување и финансиски пазари."

**Член 69**

11) Во член 69, став 1, точка 11, зборот "Гувернерот" се заменува со зборовите "Извршниот одбор".

**Член 76**

12) Во член 76, став 3, алинеа 4, зборовите "и организација" се бришат и истите зборови се додаваат на крајот на алинеа 5.

**Член 77**

13) Во член 77, став 1, алинеа 7, зборовите "и организација" се бришат и истите зборови се додаваат на крајот на алинеа 7.

**Член 85**

14) Во член 85, став 7, точка 5, зборот "Гувернерот" се заменува со зборовите "Извршниот одбор".

**Член 93**

15) Во член 93, став 3, зборот "Гувернерот" се заменува со зборовите "Извршниот одбор".

**Член 106**

16) член 106 се менува и гласи како што следи:
"Со донесување на овој Статут престанува да важи Статутот од 26.12.2024 година."

**Член 108**

17) Во член 108, зборот "Гувернерот" се заменува со зборовите "Извршниот одбор".

1. Собранието на Акционери го овластува Надзорниот Одбор на Банката да ја дополни или измени оваа Одлука согласно барање на НБРСМ во постапката за добивање согласност за измена и дополнување на Статутот на Банката.

2. Се овластува Надзорниот одбор на Банката да изготви пречистен текст на Статутот на Банката, а Претседателот на Надзорниот одбор да го потпише пречистениот текст на Статутот на Банката.

3. Оваа Одлука стапува на сила по добивањето на согласност од страна на Извршниот одбор на Народната Банка на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно Законот за банки, измените и дополнувањата на Статутот на Банката се предмет на одобрување на Собранието на акционери на Банката, а предлозите до Собранието на акционери ги утврдува Надзорниот одбор на Банката. Дополнително, измените и дополнувањата на Статутот се предмет на претходна согласност од страна на Народната Банка.

Измената на Статутот се предлага поради планираната реорганизација на надлежностите на Членовите на Управниот одбор и зголемување на нивниот број од 4 (четири) на 5 (пет) Членови, како и поради терминолошко усогласување со важечкиот Закон за банките.

Согласно со наведеното се јави потреба за измена на Статутот, поради што се предлага Собранието на Банката да ја донесе Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, која што ќе стапи на сила по добивањето на согласност од страна на Извршниот одбор на Народната Банка на Република Северна Македонија.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје**
**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
Претседавач
Маја Камчева-Ставрова

ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје